ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 25.01.2016 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Советник Александар Ангелов, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Во врска со проектот за тротоарите во општината е дадено известување дека е излезено на лице место и извршен увид во трасата за определување на ширината, како и дека ќе биде извршено геодетско снимање на трасата. Никола Граматиков 25.1.2016

Да се одржи состанок во врска со решавање на проблемот со мостот во Мезовски Ливади . Никола Граматиков 25.1.2016

Континуирано да се даваат известувања во врска со чистење на речните корита. Александар Ангелов

До наредниот колегиум се даде известување за потребата од проект за секундарна мрежа за Канализацијата Бојанов дол. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Да се даваат известувања за Повеќенаменско игралиште. Никола Граматиков.

Да се водата постапки за издавање на одобренија за градба на проектите со кои ќе се аплицира и да се информира Градоначалникот за состојбата. Никола Граматиков и Добривој Николовски 25.0.12016

По создавање на условите - намалување на водата, да се преземат активности за поставување на мостот во с. Длабочица. Никола Граматиков 25.1.2016 пренесено од претходниот колегиум

За Крстата падина да се нарача проект за инфраструктура. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Да се види со надлежните за поставување на јарболот со македонско знаме. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Да се види за проектите за водовод, канализација и пат во н.м. Мезовски Ливади пренесено од претходниот колегиум

Да се исprати извештајот за чистење на речните корита и да се види за преземање на нафтата пренесено од претходниот колегиум

Информација дека објектот на градинката во с. Конопница е исчистен, да се види за начинот за реконструкција 25.1.2016

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови. Континуирано да се даваат известувања за изготвување на општите акти за селата. Добривој Николовски 25.1.2016

Известување дека за УП за Калин Камен се одеределени зоните и се извршени потребните корекции. Добривој Николовски 25.1.2016

За УП м.в. Дервен да се контактира со Агенцијата за планирање на просторот и да се преземат потребните активности. Добривој Николовски 25.1.2016

Комисијата да се состане во врска со УП за Центар УП 6-а и УП 7-а. Добривој Николовски 25.1.2016

Да се контактира со месното насление за закажување на состанок во врска со изградба на експресниот пат. Бранко Велиновски, Игор Додевски и Добривој Николовски 25.1.2016

Проектот за капелата да се разгледа дали има потреба од измени и потоа да се стави во електронска верзија за водење на постапка за одобрение за градба Добривој Николовски и Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Сите раководители да ги достават образците за оценување на административни службеници. Сите раководители

Да се даде известување за јавните набавки. Биљана Тасевска 25.1.2016

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се види за преземање на водоводи и канализации од месни заедници . Бранко Велиновски 25.1.2016

**Одделение за финансиски прашања**

Да се водат активностите за исплата на средствата за штети од поплавите на објекти за домување. Александар Ангелов и Татјана Ѓеоргиевска 25.1.2016

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Да се соберат сите потебни податоци да се даде предлог решение и да се повикаат корисниците на простории во општината. Да се даде известување до институциите да се поднесат барања за издвојување и поставување на сопствени електрични броила Татјана Ѓоргиевска и Јаготка Николовска.пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Известување во врска со одржаниот состанок со општина Дупница дека се предадени проектите извршена е координација и проектите се подготвени за аплицирање. Душко Арсовски 25.1.2016

Да се организира настан за закројување на дрвца во соработка со Земјоделски институт од Ќустендил-Бугарија Душко Арсовски 25.1.2016

Да се направи согледување за проекти со кои може да се аплицира во наредниот период по објавените повици. Никола Граматиков, Добривој Николовски, Игор Додевски, Душко Арсовски, Александар Ангелов25.1.2016

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Континуирано да се даваат известувања за реализација на проектот Висока Зона лев брег и за пешачката патека  (кабел за струја, поставување на чешми, хортикултурно уредување). Томе Тодоровски 25.1.2016

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 25.1.2016 година